ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА
ЈУГОЗА[illegible] РЕГИОН
Бр. 01-32/2
16.03 2021 год.
ОХРИД

Центар за развој на Југозападен плански регион

Врз основа на член 14 став 1, член 22 став 1 алинеа 3, и член 30 став 1 алинеа 2, од Законот за рамномерен регионален развој ( "Службен весник на РМ" бр .63/07, 187/13, 215/15, 64/2018 и 24/21), член 3 од Деловникот за работа на Советот за развој на Југозападниот плански регион, Советот на својата седница одржана на ден 16.03.2021 година го разгледа и усвои следниот:

# ГОДИШЕН АКЦИСКИ ПЛАН ЗА 2021 ГОДИНА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН

Акцискиот план за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион се базира на основните начела утврдени во стратешките документи на национално, регионално и локално ниво. Притоа, ангажманите на институцијата произлегуваат и се поврзани со реализацијата на Програмата за развој на Југозападниот плански регион. Во овој базичен документ за развој на регионот за периодот 2021-2025 г. определени се среднорочните цели, приоритетите и мерките, така што низ овој Акциски план, преку проектите, се подигнува степенот на реализација на самата Програма на Југозападниот плански регион. Во текот на 2020 година изработена е новата Програма за развој на Југозападниот плански регион за периодот 2021-2025, и се очекува Советот за РРР на РСМ да даде согласност после што Советот за развој на Југозападниот плански регион ќе треба да ја усвои во првата половина на 2021 година. Исто така во моментов Стратегијата за рамномерен регионален развој за период 2021-2031 година е усвоена од Советот за РРР на РСМ и е во собраниска процедура.

Во овој документ се поместени регионалните проекти што Центарот за развој на Југозападниот плански регион ги достави до БРР за 2021 година како и дел од активностите во рамки на регионалните проекти кои започнаа да се имплементираат во 2020 година. За овие активности потпишани се Анекси на Договорите за продолжување на рокот за реализација.
Во овој документ е поместен и регионален проект „Подобрување на пристапот до обработливо земјиште во Југозападниот плански регион,, кој што Центарот го достави по повик на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, согласно Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2020 година.

Составен дел на овој документ се и активностите што се финансирани од Швајцарската Агенција за развој и соработка (СДЦ) во соработка со Министерството за локална самоуправа преку проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој,,. Имено обезбедена е поддршка преку Грантова шема за инвестициски проекти во 2020 година, и реализацијата на инвестицискиот проект е отпочната во 2020 година и се очекува проектните активности да завршат до крајот на април 2021 година.
За Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на ЈЗПР обезбедено е кофинансирање од МЛС и СДЦ за организирање настани, работилници, ваучерска програма преку ФИТР, промоции и обуки за бизнис секторот.

Бидејќи ова е акциски план за реализација на Програмата за развој на ЈЗПР, во него се поместени и проекти кои ќе ги имплементираат општините или други субјекти како НВО и слично што се на територијата на ЈЗПР а за кои ЦРЈЗПР има обезбедено информација. Дел од наведените проекти од општините се аплицирани и се чека нивно одобрување.

| Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.1 Зголемување на конкурентноста на регионалната економија** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 1.1.4 | Поттикнување на можностите за искористување на домашни и странски извори за финансирање на МСП | Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот | 1.Делување како регионална контактна канцеларија на ФИТР<br>2.Техничка поддршка и информирање на бизнис секторот за активни повици<br>3.Ваучерска програма за градење капацитети на бизнис секторот<br>4.Објавување на листа на можни Владини и други извори за финансирање на бизнис секторот | 12 месеци | 394.000 | СРЈЗПР, ЦРЈЗПР, ЕЛС, МСП, ФИТР, МЛС, СДЦ |
| **Приоритет 1.3 Зголемување на инвестициите во регионот** | | | | | | |
| 1.3.1 | Мапирање на инвестициски потенцијали во регионот | Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот | 1.Ажурирање и објавување на бази на податоци за институции и фирми од ЈЗПР<br>2.Ажурирање и објавување на бази на податоци за greenfield и brownfield локации<br>3.Подготовка на Регистар на претприемачи, фирми и земјоделци | 12 месеци | 100.000 | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Бизнис сектор, МЛС, СДЦ |
| | | | | | | |

| Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1.3 Зголемување на инвестициите во регионот** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 1.3.2 | Поттикнување на средби на бизнис заедницата со потенцијални инвеститори | Бизнис Центар за поддршка и услуги на Бизнис секторот | 1.Промовирање на Бизнис Центарот на социјалните мрежи, редовни објави на ФБ со информации корисни за фирмите | 12 месеци | 100.000 | ЦРЈЗПР, ЕЛС, Бизнис сектор, МЛС, СДЦ |
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Развој на јавна инфраструктура во рурални средини, Инвестиции во локална патна инфраструктура | Изградба на пристапни патишта до обработливо земјиште во ЈЗПР | 8 месеци | 3.001.211 | ЦРЈЗПР, МЗШВ-Прогр.Капитал.Субвен.за развој на ПР, општини Вевчани, Дебрца, Македонски Брод |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и др.ек.де | Реконструкција на улица Јане Сандански во Град Охрид | 8 месеци | 14.084.160 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Реконструкција на пешачка улица „27 Март“ во стариот дел на градот Струга | 8 месеци | 7.117.380 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Реконструкција на улица од Центар Жупа до село Бајрамовци | 8 месеци | 8.211.000 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | | | | | | |
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на пристапен пат до автокамп Љубаништа | Реконструкција на локален пат што води од регионалниот пат до автокампот во с. Љубаништа | 6 месеци | 12.000.000 | Општина Охрид, МЛС, БРР |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на пристапен пат до с.Подгорци | Реконструкција на пристапниот пат до с.Подгорци-Општина Струга | 8 месеци | 9.800.000 | Општина Струга, МЛС, БРР |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Изградба на локални патишта и улици во Општина Дебар | Изградба на патишта до с.Баниште и до с.Отишани, изградба на улица 8ми Септ.во градот Дебар | 8 месеци | 14.760.000 | Општина Дебар, Влада на РСМ |
| 1.4.1 | Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во регионот | Реконструкција на улици во градот Дебар | Реконструкција на ул.Петро Попоски, ул.ЈНА, ул.Екерим Зенго, и улици во населба Венец1 | 10 месеци | 43.050.000 | Општина Дебар, МТВ, Светска Банка |
| 1.4.3 | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Изградба на водовод во с.Драговдол – Македонски Брод | Изградба на водоводна линија во с.Драговдол | 8 месеци | 1.500.000 | Општина Македонски Брод, ЈКП, МЖСПП |
| 1.4.3 | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Реконструкција на ПСОВ во Македонски Брод | Реконструкција на пречистителната станица за отпадни води во Македонски Брод | 8 месеци | 4.500.000 | Општина Македонски Брод, ЈКП, МЖСПП |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Среднорочна цел 1: Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | | | | | | |
| **Приоритет 1.4 Унапредување на просторот преку развој на инфраструктурата** | | | | | | |
| 1.4.3 | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Изградба на колектор Калишта-Радожда | Изградба на колектор за отпадни води и негово поврзување со ПСОВ Враништа | 12 месеци | 35.670.000 | Општина Струга, Влада на РСМ, МЖСПП, донатори |
| 1.4.3 | Изградба и осовременување на комуналната инфраструктура во регионот | Реконструкција на резервоар за вода во с. Д.Косоврасти | Реконструкција на резервоар за вода во с.Д.Косоврасти во Општина Дебар | 6 месеци | 1.845.000 | Општина Дебар, МЖСПП |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

| Среднорочна цел 2: Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Приоритет 2.5 Еднаква достапност на услуги за сите граѓани во регионот | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 2.5.1 | Подигнување на квалитетот на социјални услуги и достапност за сите категории граѓани | Реконструкција и опремување на современ центар за физикална терапија во болницата Св.Еразмо во Охрид | 1.Реконструкција на кров, замена на столарија, замена на плочки, молеро-фарбарски активности<br>2.Поставување соларни панели, топлотни пумпи, бафер за топла вода<br>3.Поставување електрична инсталација | 4 месеци | 8.090.114 | ЦРЈЗПР, ЕЛС, болница Св.Еразмо, МЛС, СДЦ |
| 2.5.4 | Социјална инклузија за социјално исклучени категории граѓани преку отворање дневни центри за згрижување | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Реновирање на објектите за одмор, опоравка и рекреација за лица со телесен инвалидитет во Охрид (ГО Мобилност) | 8 месеци | 1.775.784 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 2.5.5 | Создавање на услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки | Поддршка на регионалниот економски развој преку туризмот, културата и другите економски дејности | Партерно уредување на просторот кај ЈОУДДГ Планински Цвет во Вевчани | 8 месеци | 4.374.163 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 2.5.5 | Создавање на услови за прифаќање на децата во детски јасли и градинки | Реконструкција и адаптација на простории во ЈОУДГ Планински цвет | Градежни зафати и внатрешно уредување на простории во ДГ Планински цвет во Вевчани | 4 месеци | 2.068.000 | Општина Вевчани, УНДП, СДЦ |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.1 Подобрување на достапноста и уреденоста на туристичките локалитети** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 3.1.3 | Патна инфраструктура до туристички локалитети адаптирана за лица со посебни потреби | Реконструкција на Кеј Македонија – општина Охрид | Реконструкција и партерно уредување на Кеј Македонија како една од најзначајните атракции во Охрид, од пристаниште до х.Милениум | 10 месеци | 61.500.000 | Општина Охрид, ЈКП-а, Влада на РСМ |
| **Приоритет 3.2 Надминување на сезоналниот карактер на туризмот во регионот** | | | | | | |
| 3.2.1 | Креирање регионални туристички пакети | Охридското Езеро – мост на две земји кон една дестинација | Набавка на Еко-бродови за организирање тури Охрид-Струга-Поградец, уредување на постојни пристаништа согласно УНЕСКО препораки | 18 месеци | 123.000.000 | Општина Охрид, Струга, Поградец, ИПА ЦБЦ-МК-АЛ, стратешки проекти ЕУ Делегација |
| | | | | | | |
| **Приоритет 3.3 Поттикнување и развој на алтернативни форми на туристички активности и услуги** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 3.3.1 | Развој на планинскиот туризам во регионот | Нови можности за безбедни зимски авантури | Набавка опрема за спасување, обуки, реконструкција на планински дом | 12 месеци | 12.058.100 | Црвен крст-Охрид, АК Патагонија-Охрид, Општина Дебрца, Општина Грамаш(Албанија), ИПА ЦБЦ МК-АЛ |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.5 Заштита на животна средина** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 3.5.1 | Воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Набавка на садови за собирање и селектирање на отпад во општина Пласница | 8 месеци | 960.000 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 3.5.1 | Воспоставување на интегриран регионален систем за управување со отпад | Јакнење на техничките капацитети на ЈКП за управување со отпад | Набавка на опрема за ЈКП во Општина Дебар, автосмеќарка, каналџет, 130 метални контејнери 1,1 м3 | 8 месеци | 17.000.000 | Општина Дебар, Светска Банка-МСИП |
| 3.5.5 | Мерки за заштита од загадување на водите | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Доизградба на канал Песјак за прифаќање и одведување на атмосферски води и паралелно доизградба на фекална канализација во Општина Македонски Брод | 8 месеци | 2.288.551 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | | |
| Р.бр | Мерка | Проекти | Активности | Траење | Износ | Партнери |
| 3.6.2 | Намалување на користењето на фосилните горива како енергенси во индустријата и домаќинствата | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Реновирање и систем за централно греење на противпожарен објект од регионално значење со енергетски ефикасни мерки во градот Дебар | 8 месеци | 4.629.548 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Енергетска ефикасност и реконструкција на ОУ "Фаик Коница", подрачно училиште во село Бачишта, Општина Кичево | 8 месеци | 6.188.573 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Доизградба на Дом во с. Требеништа – втора фаза, Општина Дебрца | 8 месеци | 3.500.000 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Подобрена енергетска ефикасност во јавните објекти и намалување на загадувањето на животната средина во ЈЗПР | Енергетска контрола на 11 јавни објекти во ЈЗПР | 3 месеци | 787.730 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |

| Среднорочна цел 3: Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 3.6 Подобрување на енергетската ефикасност и искористување на обновливи извори на енергија** | | | | | | |
| 3.6.3 | Подобрување на енергетската ефикасност на јавните објекти | Изработка на техничка документација и енергетска контрола за ЕЕ на јавни објекти | Подготовка на техничка документација за јавни објекти во ЈЗПР (ОСУ Св. Климент Охридски-Охрид, ОУ Саид Најдени-Дебар, Дом за култура-Вевчани, Општинска зграда-Македонски Брод, ООУ„Јунус Емре„ Лисичани, СОУ ,Дрита„ и Мирко Милески-Кичево, Дом на култура во с. Г.Папрадник, Дом на култура во с. М.Папрадник, Селски дом во с.Броштица-Ц.Жупа, ОУ „Ашим Агуши“ Заграчан-Струга, ОУ„Св. Климент Охридски“Мороишта-Струга, ОУ„Дебрца„ с.Мешеишта-Дебрца)) | 5 месеци | 5.054.141 | ЦРЈЗПР, ЕЛС во ЈЗПР, МЛС, БРР |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## Потребни средства за реализација

| Р.бр | Среднорочна цел | Износ во МКД | Износ во Евра |
|---|---|---|---|
| 1 | **Унапредување на економијата и родовиот паритет преку користење на компаративните предности на човечките и материјалните ресурси, подобрување на инфраструктурата, инвестициска активност во МСП со нови технологии, знаење и иновативност, пристап до финансии и одржливост на животната средина, земјоделието и руралниот развој** | 156.132.751 | 2.538.744 |
| 2 | **Конкурентно образование според потребите на локалните заедници, бизнис заедницата и пазарот на трудот, унапредување на родовата еднаквост и подобрување на пристапот до образование и социјални услуги на граѓаните, во насока на намалување на одлив на млади и депопулација, со продуктивно вработување и социјална згриженост на деца, изнемоштени и социјално зависни лица и ранливи категории** | 16.308.061 | 265.172 |
| 3 | **Унапредениот туризам, природното и културното наследство, заштитената животна средина и користењето на обновливите извори на енергија се фактори за препознатлив одржлив развој во ЈЗПР** | 236.966.643 | 3.853.116 |
| | **ВКУПНО** | **409.407.455** | **6.657.032** |